РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

УП I бр. 25-553
30.10.2017 година
Скопје

Министерот за економија врз основа на член 56 став (1) од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16) постапувајќи по барањето за овластување за техничка служба поднесено од Друштвото за производство трговија и услуги КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје преку органот за одобрување – Биро за метрологија со УП I бр.25-553 од 10.10.2017 година, донесе:

# РЕШЕНИЕ
## ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

1. **СЕ ОВЛАСТУВА** Друштвото за производство трговија и услуги КОНФОРМА ДООЕЛ увоз – извоз Скопје за вршење на работи на техничка служба на;
- Инспекциското место „ИМ5“ Скопје – ул. Методија Андонов Ченто 15А, Скопје;
- Инспекциското место „ИМ4“ Кочани - ул. Теодосија Паунов бр.111 Кочани; и
- Инспекциското место „ИМ8“ Гевгелија ул.7-ми Ноември бр.58, Гевгелија,
за следните постапки:

а) **Единечно одобрување на возило од категориите L, M, N, O, T, R, C и S**, согласно: член 2 став 1, член 2 став 2 (секторски за возило за специјална намена и возило во последна фаза од повеќефазно одобрување) и член 2 став 3 (секторски за преправки опфатени со точка 2 од табела 5 за деталниот опис на опсегот од Прилогот кон сертификатот за акредитација на инспекциското тело со број ИТ-010 од 03.07.2017 година); Правилникот за единечно одобрување на возило („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/10, 62/10, 105/10, 13/11, 39/11, 169/11, 185/11, 84/12, 132/12, 153/12, 59/13, 138/13, 29/14, 35/14, 119/14, 168/14 и 182/16); и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата („Службен весник на Република Македонија“ бр.21/10);

б) **Одобрување на преправено возило, согласно член 6 (секторски по точка 1, 2, 3, 4, 5, 8, 10, 13, 14, 15, 18, 19, 20, 21 и 23) и член 7 (секторски по точка 1, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 13, 14 и 15)** од Правилник за одобрување на преправени и поправени возила („Службен весник на РМ“ бр.7/10) и Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата;

в) **Инспекција при утврдување и втиснување на идентификациски ознаки на возила (број на шасија и број на мотор)**, согласно член 57 став (1) алинеја 5 од Законот за возила и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото („Службен весник на Р. Македонија“ бр.101/13);

2. Со влегувањето во сила на ова решение престанува да важи решението со број УП-I бр. 25-21 од 11.03.2015 година..

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Органот за одобрување врз основа на барањето за овластување за техничка служба од ДПТУ КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје до Министерството за економија достави Предлог за овластување за техничка служба со целокупната документација УП I бр.25-553 од 10.10.2017 година. Барањето за овластување за техничка служба од ДПТУ КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје се поднесува поради кадровски промени и промена на испитни инспекциски места.

Со барањето се доставени следните документи:

- Предлог за овластување за техничка служба 1609-1441/6 од 09.10.2017 година од Органот за одобрување – Биро за метрологија;

- Сертификат за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-010 од 26.05.2008 година, со важност до 25.05.2020 година и Прилог кон сертификатот за акредитација на инспекциско тело бр.ИТ-010 од 03.07.2017 година издадени од Институтот за акредитација на Република Македонија;

- Тековна состојба за субјектот бр.35020170016687 од 14.07.2017 година, издадена од Централниот регистар на Република Македонија;

- Доказ за склучен договор за осигурување од одговорност со ВИНЕР – Виена Иншуренс Груп Скопје -Полиса бр.6000690000030 со важност до 17.05.2018 година;

- Договор за соработка за користење на деловен простор на ул. Методија Андонов Ченто 15А, Скопје, склучен со Здружение на возачи на град Скопје заверен на нотар со број УЗП 5087/2017 од 13.07.2017 година;

- Договор за соработка за користење на деловен простор на ул. Теодосија Паунов бр.111 Кочани, склучен со Здружение на возачи Кочани, заверен на нотар со број УЗП 5086/2017 од 13.07.2017 година;

- Договор за деловно техничка соработка за користење на опрема и деловен простор на ул.7-ми Ноември бр.58, Гевгелија, склучен со Центар за возила ЦВГ ДООЕЛ Гевгелија, заверен на нотар со број УЗП 5085/2017 од 13.07.2017 година;

- Изјава од управителотна ДПТУ КОНФОРМА ДООЕЛ Скопје, со список на опрема за инспекција на возила која е во сопственост на субјектот бр.03-49/2 од 12.07.2017;

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех на субјектот бр.0904-50/150120170042808 од 11.07.2017 година, издаден од Централен регистар на Република Македонија;

- Копии од обрасците М1/М2 за вработениот стручен кадар во техничката служба и распоред на стручниот кадар по следните инспекциски места:

1. „ИМ5" Скопје – ул. Методија Андонов Ченто 15А, Скопје, дипл. маш. инж. Никола Поповски; дипл. маш. инж.Михајло Ичев; дипл. маш. инж. Стојанче Иванов; и електротехничар Игор Караколевски;

2. „ИМ4" Кочани - ул. Теодосија Паунов бр.111 Кочани, дипл. маш. инж. Кире Саздовски; дипл. маш. инж. Игор Митревски; дипл. маш. инж. Тасе Тасев; дипл. сообраќаен. инж. Драган Стефановски;

3. „ИМ8" Гевгелија ул.7-ми Ноември бр.58, Гевгелија, дипл. маш. инж. Александар Гогов; дипл. маш. инж. Димитар Узунов; дипл. маш. инж. Илија Митрев; дипл. електротехнички. инж. Ѓорѓи Димов.

Министерството за економија, постапувајќи по поднесеното барање изврши увид во доставената документација и одредбите од Законот за возила; Правилникот за единечно одобрување на возило; Правилникот за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/09 и 95/12); Правилникот за одобрување на земјоделски и шумски трактори („Службен весник на Република Македонија“ бр.134/09 и 132/12); Правилникот за одобрување на тип на моторни возила со две и со три тркала („Службен весник на Република Македонија“ бр.131/09); Правилникот за одобрување на преправени и поправени возила; Правилникот за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата; и Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за доделување на идентификациска ознака (број на шасија) и формата и содржината на водење на евиденцијата за издадени одобренија и на начинот и постапката за обележување и поништување на идентификациските ознаки на шасијата и/или моторот на возилото, утврди дека барањето е основано.

Врз основа напред изнесеното, а согласно член 56 став (1) од Законот за возила се донесе решение за овластување за техничка служба како во диспозитивот.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор пред Управен суд во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

МИНИСТЕР,
Kreshnik Bekteshi